АНАЛИЗА

# Фокусирање на "големата слика" во време на турбуленција

Во Македонија се ограничени допирните точки помеѓу хипотекарната криза во САД и глобалниот кредитен крах, затоа што учеството на странски банки во финансискиот сектор е пониско отколку во другите земји од ЕУ

Мајкл Деплер

Кога ќе се случи неочекуваното, како што е продолжената финансиска турбуленција во светот, губењето од вид на "големата слика" не е невообичаено. Тоа го носат изненадувањето и неизвесноста. Секако, прво што се презема во бизнисот е справувањето со кризата. Тоа е она што во многу краток рок ги повикува централните банки да го обноват функционирањето на пазарот на пари и кредити. Тој императив мора да биде проследен со политики - вклучувајќи регулаторни политики во финансискиот сектор, насочени кон зачувување на долгорочните европски економски перформанси.

При промоцијата на Регионалниот економски преглед за Европа, ММФ истакна бројни клучни предизвици за оние што ги креираат политиките. Првиот чекор за зачувување на долгорочните економски перформанси во регионот е да се надградат приватните и јавните прудентни аранжмани за европската економија да може да продолжи да има полза од финансиските иновации, без да навлекува прекумерни ризици. Вториот е, да се задржи фокусот на унапредување на фискалната консолидација и структурните реформи, вклучувајќи го зајакнувањето на финансиските системи, за посилни изгледи во иднина.

Сегашната турбуленција претставува најголемата закана за растот и затоа изнаоѓањето решение треба да биде приоритет. Додека ММФ, покрај другите, предупреди дека ризиците се натрупуваа, обемот на турбуленцијата покажува колку е тешко прецизно да се определат ризиците од финансиската креативност. Сепак, финансиските иновации и интеграцијата во Европа, со текот на времето, создадоа широки придобивки, што е можеби највпечатливо во рапидното остварување на приходите што го достигнаа многу европски земји во развој.

Затоа, одговорот на турбуленцијата треба да биде одмерен. Прудентните рамки на приватниот и јавниот сектор мораат да сторат повеќе за да ја задржат врската со финансиските новитети. Моделите за проценка на ризикот како и за управувањето со пазарните и ликвидносните ризици, на пример, мора да се унапредат. Неопходно е да се поврати довербата кај инвеститорите, чекор што ќе бара значително поголема транспарентност

за нивните финансиските состојби отколку што е сега. Дополнително, мрежите на финансиска безбедност и механизмите за решавање на кризите ќе мора да станат поефективни, со вградена прекугранична димензија.
Но, додека финансиските превирања неповолно ја погодија Европа, поголемата слика покажува дека многу, ако не најмногу, европски економии сепак ќе треба во целост да ги ожнеат придобивките од финансиските иновации.
Веројатно примарен предизвик е да се надминат интуитивните навики, не само да не се делува, туку погрешно да се делува во мирни времиња, со целосно откажување од циклични фискални бенефиции. Такви подароци во глобала не можеме да си ги дозволиме. Исто така, во европските растечки економии, фискалната консолидација е непходна за да се омекнат притисоците од побарувачката поврзана со конвергенцијата и од надворешните ризици.
Дополнително на здравата исхрана со фискална консолидација, на европските економии потребни им се протеини што ги обезбедуваат структурните реформи за да ги направат посилни и да им помогнат побргу да се развиваат. Без оглед на скорешниот прогрес, структурните ригидности на Европа остануваат нејзината "ахилова петица", попречувајќи го економскиот растеж и правејќи развлечени и тешки прилагодувања кон шоковите.
Во Македонија се ограничени допирните точки помеѓу хипотекарната криза во САД и глобалниот кредитен крах, затоа што учеството на странски банки во финансискиот сектор е пониско отколку во другите земји од растечка Европа. Продолжува експанзијата на кредитирање на приватниот сектор со силно темпо и прудентните показатели укажуваат на здрав финансиски систем. ММФ и Групацијата на Светската банка им помагаат на македонските власти во усовршување на банкарската регулатива преку имплементирање на Развојниот план за супервизија. Тој потенцира супервизија базирана врз можен ризик (отколку базирана врз исполнување на услови). Фискалната политика и натаму овозможува солидна основа за макроекономска стабилност, со Буџет на централната власт кој искажува суфицит. Гледајќи напред, клучниот предизвик за Македонија е да ја одржи макроекономската стабилност, со забрзување на структурните реформи кон подобро функционирање на финансискиот и на пазарот на работна сила. Тоа би водело кон повисок економски раст, креирање на повеќе работни места и подобрување на интеграцијата во светската економија.

*(Авторот е директор на Европскиот оддел на Меѓународниот монетарен фонд)*